

Јован Котески (14.01.1932 – 12.06.2001) - е македонски поет и новинар. Завршил средно образование. Работел како новинар во Радио Скопје, а соработувал со различни весници и списанија.Јован Котески припаѓа на т.н трета генерација македонски писатели од педесетите години на која му припаѓаат Петре М. Андреевски, Живко Чинго, Богомил Ѓузел, Петар Т. Бошковски, Радован Павловскии др. Бил претседател на Советот на Струшките вечери на поезијата, член на Македонскиот ПЕН центар и член на ДПМ од 1958 година. Јован Котески припаѓа на последната група политички затвореници - интелектуалци во поранешна Југославија, на кого му се суди без присуство на јавноста, за илегална активност за уривање на СФРЈ и создавање на независна македонска држава. За време на својот живот Опседнат со магијата на зборот Котески е автор е на повеќе збирки песни („Земја и страст" (1958),„Злодоба" (1963),„Раздор" (1999), „Крточина"(2000) и др) и добитник е на повеќе награди („Кочо Рацин",„Ацо Шопов", „Григор Прличев" и др.)

Јован Котески е роден на 14 јануари 1932 година во селото Присовјани, Струшко. Се родил како четврто дете, од вкупно петте деца на Петкана и Васил Котески. Додека татко му е на печалба во Братислава, Словачка, каде работи како шеќерџија, Котески детството го поминува чувајќи туѓ добиток. Животот поминат како овчарче, исполнет со спокојството на пасиштата, звуците на природата и кавалите, какои приказните на селаните, кај Котески ќе ја пробудат поетската душа. Котевски во 1939 година, на седум годишна возраст, за првпат го сретнува својот татко, при неговата посета на селото. Виорот на Втората светска војна, а подоцна и Информбирото ќе ги оддели скоро две децении. Во периодот на Информбирото, неговиот татко паднал во немилост на власта, откако словенечките агенти пронашле слика на Тито во неговиот стан во Братислава. Писма престана да доаѓаат, а наместо печалба татко му заработи затвор.Во 1948 година бил осуден на 9 годишна робија.

Јован Котески во меѓувреме во 1946 година го напуштил своето село и се запишал во Охридската гимназија. Иако сиромашко, времето поминато во интернатот беше еден од најсреќните периоди на Јован. Средбите со еповите на Хомер, „Метаморфозите“ на Овидиј, „Божественвената комедија“ на Данте, драмите на Шекспир, романите на Толстој и Достоевски, ќе ја задоволат душата на поетот и ќе ја зголемат љубовта кон убавиот пишан македонски збор. Големата љубов кон литературата, ќе го одведе Котески по завршувањето на гимназијата во Скопје. Во 1954 година се запишува на студии по книжевност на тогашниот Филозовски факултет. За време на студиите во 1958 година, во неговиот студентски „ќумез“ повторно ќе се сретне со неговиот татко. Тоа била средба во која синот не го препознава својот татко, тоа била средба на„една прегратка на еден опустен и тегобен живот“.

Котески студиите никогаш не ги завршува. Се вработува како новинар во Радио Скопје каде ќе подготвува емисии од областа на литературата. Во меѓувреме соработува со повеќе весници и списанија. Вечито трагајќи по смислата на зборот, посебно во поезијата од Зборникот на Браќата Миладиновци, како врвен дострел на народниот гениј, Котески експериментира со модерните текови на современата македонската лирика. Првите две збирки песни ги објавува на 26 години.  Во 1958 година,  годината кога повторно ќе се сретне со својот татко, тој ќе ги објави збирките „Земја на страст“ и „Насмевка пред зорите“. Две години по смрта на татко му(1961), Котески во 1963 година ќе ја објави и третата збирка песни „Злодоба“.

По отслужување на воениот рок во Белград, Котески во 1965 ќе ја објави збирката песни „Тежина“, а по женидбата со својата животна сопатничка Катарина Шолдова и раѓањето на синот Васил во 1966 година ќе ја објави збирката песни „Пеплосија“. Шест години подоцна, две годино по раѓањето на ќерката Јасна(1970), Котески во 1972 година ќе ја објави збирката песни „Сенки“. Во 1975 ја објавува збирката песни „Зелени порти“, а истата година од печат се појавува избор од неговата поезија преведена на српскохрватски јазик. Поетот Јован Котевски не мирува. Само една година по смрта на неговата мајка(1977), ќе ја објави збирката песни „Хераклеја“ во 1978 година.

Во периодот помеѓу 1966 и 1984 година Јован Котевски патува во Франција, Италија, Русија, Полска и Романија, а подоцна и Унгарија. Се сретнува со повеќе значајни личности од светот на поезијата, а стекнува со повеќе познанства и пријателства. Средбите со Пабло Неруда, Иво Андриќ, Јанис Рицос и познанството со романскиот поет Никита Станеску ќе оставаат траги во неговиот поетски опус.

Јован Котевски во текот својот поетски живот не мирува. Во периодот од 1981 па до 2000 година ќе ги издаде збирките песни: „Поморија“ (1981),„Бденија и сновиденија“ (1982),„Полилеј“ (1983),„Плодови“ (1985),„Тапија“ (1985), „Живожарица“ (1990), „Сончева белегија“ (1990), „Морници“ (1991), „Глувчето со двоглед“ (поезија за деца, 1991), „Ралица“ (1992), „Злодоба“ (1992),„Лелејка“ (1994),„Самотија“ (1994),„Празник“ (библиофилско издание во ракопис, 1995),„Трагач“ (поема, 1995),„Решетки“ (1996),„Приќе“ (1997),„Одрон“ (1998),„Разор“ (1999), „Кртечина“ (2000).

Во овој период, кога Јован Котески целосно и се посветува на поезијата, единствена општествена функција која ја превзема епретседателствувањето со меѓународниот фестивал за поезија, Струшките вечери на поезијата, во 1981 и 1982. Сепак неговиот творечки поетски опус ќе боде прекинат во период од 1985 до 1990 година. Во периодот кога поетскиот збор не е наивна работа, по објавувањето на збирката песни „Тапија“ (1985), на 2 септември истатгодина, Јован Котески е уапсен во неговиот дом во Скопје и осуден на петогодишна робија. Обвинет е за илегална активност против Уставниот поредок на СФРЈ и за создавање на независна македонска држава. За време на судењето, еден од обвинителите бара казна затвор од 20 години. Додека Котески се наоѓа во затвор, сите поетски збирки се повлечени од книжарниците и библиотеките.

Додека домашната јавност молчи, а посебно неговите македонски колеги-поети, за судбината на поетот Јован Котески се заинтересира американскиот поет Ален Гинзберг, тогашен тогашен претседател на Комисијата за заштита на правата на писателите и новинарите во Светскиот ПЕН центар.Гинзберг, добитник на Златниот венец на Струшките вечери на поезијата, неуспешно се обидува во Македонија да ги организира македонските поети да протестираат и да бараат ослободување на Котески од затворот.

P.E.N. – HRVATSKI CENTAR
CROATIAN CENTRE

41000 ZAGREB, Trg Republike 7/I
Telefon 277-370

ZAGREB, januara 1987.

Okružnom sudu u Skopju za
Savezni sud Jugoslavije u Beogradu
(kopije: Društvu pisaca Makedonije, Savezu književnika Jugoslavije, Makedonskom centru P.E.N.-a).

Prošlo je godinu dana otkad je zatvoren pjesnik Jovan Koteski, osuđen na pet godina od Okružnog suda u Skopju (presuda br. 93/85, od 23.XI 1985). Vrhovni sud Makedonije smanjio mu je kaznu na četiri godine (presuda br. 8/86, od 14.III 1986). Čekaju ga još gotovo tri godine robije.

Svi koji poznaju Jovana Koteskog, osobito oni koji su čitali njegovu poeziju, bili su iznenađeni kad su vidjeli njegovo ime među teroristima koji su podmetnuli eksploziv ispod nadvožnjaka na Bulevaru Jugoslavije i u Grčkom konzulatu u Skopju te planirali (tako su barem izvijestile novine) napasti na sličan način poslovnicu beogradskog lista "Politika" i prostorije Islamske vjerske zajednice u glavnom gradu Makedonije: optužen da je 1970. god. pristupio grupi, čiji su članovi Slave Vasovski (osuđen na 10 godina), Todor Georgijev (na 9), Nikola Gazdovski (na 8), Slave Boškovski (također na 8) i Pandel Stevkovski (na 7), koja je, kako stoji u presudi, djelovala s neprijateljskim pobudama u cilju otcjepljenja Socijalističke Republike Makedonije od Socijalističke Federativne Republike Jugoslavije, da je prihvatio njezinu platformu i u razdoblju od 1970. do 1974. u okvirima djelovanja grupe prisustvovao razgovorima i sastancima održanim u kući okrivljenih Boškovskog i Stevkovskog u naselju Gorno Lisiče (kraj Skopja), gdje se raspravljalo o realizaciji platforme i gdje je sam okrivljeni iznio da je navodno formirana ilegalna vlada čiji je član i koja


Казнено-поправен Дом Идризово, согласно чл.171 од Законот за извршување на санкциите за кривични дела и стопански престапи, го донесува следниот:

О Т П У С Е Н   Л И С Т

Лицето ______ КОТЕВСКИ ВАСИЛ ЈОВАН ______

Роден ___ 1932 ___ год. во с.Присовјане општина ___ Струга ___

живее ___ Скопје ___ општина ______________ осуден со пресуда

К.бр. ___ 93/85 ___ од ___ 23.11.1985 ___ година на ___ Окружен ___ суд

во ___ Скопје ___ на казна затвор во траење од ___ 4 години ___

се ослободува од овој Дом на ___ 03.07.1987 год.по Одлука бр. ___:

0-15/87 од 01.07.1987 год.на Претс.на СФРЈ - помилуван

Казната ја издржува од ___ 02.09.1985 ___ до ___ 03.07.1987 год.

При ослободувањето на именованиот исплатена му е парична заштеда во износ од __________ динари, а од страна на Домот обезбедена му е помош и тоа ______________________________

Референт

___ 03.07.1987 год.

КАЗНЕНО-ПОПРАВЕН ДОМ ... Идризово-Скопје

[illegible]